РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА
ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
Бр. 08-229/3
08.02.2018 год.
СКОПЈЕ

Република Македонија

КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА
ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ул. Кеј Димитар Влахов бб (Зграда на МРТВ), спрат 20, Скопје
тел. +389 (0)2 3232-242; e-mail: contact@kzd.mk

Комисијата за заштита од дискриминација, врз основ на член 25 член 28 т. 1 и 2 и член 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл.весник бр.50/2010 од 13.04.2010 год) по поднесената претставка заведена под број бр. 0801 229/1 од 06.11.2017 година од страна на Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со седиште на ул. Палата Панко Брашнаров, ул. Македонија бр.38, 1000 Скопје против Сити радио ДООЕЛ Скопје, бул.8-ми Септември број 38, 1000 Скопје на ден 07.02.2018 година го донесе следното:

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 15-02-2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 814 | 1 | |

Примено 03 06 / 10 / 20 г. / Скопје / Потпис

**М И С Л Е Њ Е**

**Се утврдува вознемирување од Член 7 став 1 во Законот за спречување и заштита од дискриминација, направено од страна Сити радио ДООЕЛ Скопје по родова основа од Член 3, во врска со член 4 точка 6 од облата на јавно информирање и медиуми, кое предизвикува повреда на доствоинството на жената, со спотовите од кампањата за прееманципираните жени емитувани на 30 Октомври 2017 година**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

До Комисијата за заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 0801 229/1 од 06.11.2017 година од Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со седиште на ул. Палата Панко Брашнаров, ул. Македонија бр.38, 1000 Скопје, против, против Сити радио ДООЕЛ Скопје, бул.8-ми Септември број 38, 1000 Скопје.

Во претставката тие наведуваат дека ја поднесуваат врз по основа на пол, од областа на јавно информирање и медиуми, а дека деталите се наведени и образложени во Писмениот извештај за извршен програмски надзор на Трговското радио- дифузно

ул. Кеј Димитар Влахов бб (Зграда на МРТВ), спрат 20, Скопје
тел. +389 (0)2 3232-242; e-mail: contact@kzd.mk

друштво СИТИ РАДИО ДООЕЛ Скопје, кој заедно со аудио снимки од спотовите е доставен до Комисијата за заштита од дискриминација.

Во извештајот е даден тренскрипт од зборовите во кампањата и тоа Транскрипт од Основната порака која се повторува во сите спотови: „Оваа кампања е наменета за сите прееманципирани жени кои трчајки по пикирани кариери ја загубија својата женственост. Газат се пред себе. Еманципирани жени со доминантни фрустрации, освестете се. Станавте мажи...! Често пре- еманципацијата на една жена е резултат на еманципацијата на еден маж. Кампања на Сити радио, Клуб ФМ и Метрополис Радио мрежа„

Бидејќи се работи за шест различни спотови, покрај основата, секој спот вклучува сегмент со различни примери на жени и професии. Понатаму во извештајот се наведува дека транскриптот на содржината од променливите делови на спотовите:„Ѓаволот носи Прада„ е само филм. Во филмот Мерил Стрип е само една еманципирана кучка. Се препозна некоја? „Кучка може да биде секоја, ама станува само некоја„ 2. „Ти сакаш да бидеш Марија Кири. Можеби и можеш. Ама не се преценувај ако не можеш. Ти треба нобелова или само пофалница дека си најдобрата?„ 3. „Новата железна дама во сигурна политичка фотеља. Тоа е твојата визија. Но каде е капацитетот? Процени пред да прегазиш. Ти си сепак дама. Тачер остана дама до крај„ 4. „Велат дека брижит Бардо никогаш не заборавила да се издепилира. И ништо анмерно, таа е родена за секс симбол. А ти доволно ќе биде да не ја заборавиш депилацијата.„ 5. „Рамните чевли се поудобни. Проект менаџер звучи моќно. Шеснаесет дена месечно си на пат, 47 пропуштени повици дневно, имаш полна канцелариаја и паричник со многу пластика.„Имаш се само немаш секс.„ 6.„Позиција. Ти си новиот strategic account system operation analyst. Па ти успеа, конечно си како него и сега што е следно?„

Во продолжение подносителот на претставката го образложува тој извештај за сопствени цели повикувајќи се на меѓународни и домашни прописи.

Пријавениот Во својот оширен одговор заведен под број 0801 229/3 од 20.11 2017 година, преку Адвокат Јана Спиридоновска од Скопје се осврнал на цитираниот извештај

Република Македонија

КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА
ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ул. Кеј Димитар Влахов 66 (Зграда на МРТВ), спрат 20, Скопје
тел. +389 (0)2 3232-242; e-mail: contact@kzd.mk

на подносителот на пријавата. Скоро целиот одговор се состои од реплицирање на извештајот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Во одговорот пријавениот сака да објасни дека кампањата за прееманципираните жени е исклучиво креирана за да се оствари целта на одредбата регулирана во позитивните закони, односно се повикува на балансот во учество на мажите и жените во сите сфери на општеството, вклучувајќи го нивното партнерство и личниот живот. Оваа кампања била подготвувана од жени, бидејќи во тие радија се вработени 80 проценти жени, а креаторите на кампањата биле 100 проценти жени. Тие исто така сметаат дека не е повреден Членот 10 од Европската конвенција за човекови права, зато што во него е вклучена слободата да се застапува одредено мислење и да се примаат и даваат информации и идеи без мешање на јавната власт. На крај на одговорот потенцираат дрка кампањата на трите радија во ниеден момент не повикува на тоа дека жената е инфериорна во однос на мажот или дека истата е помалку вредна или помалку способна. Напротив, цитираната кампања верува во еднаквоста на половите и затоа критикува одредена негативна тенденција и лична карактеристика која како таква „фрустрираност„ или преамбициозност, всушност води кон нееднаквост на половите, без разлика од кој пол доаѓа. Како доказ приложуваат дополнително објаснување од креаторите на кампањата со цитати од џингловите, почетен, средишен и завршен дел со подетални објаснувања за секој џингл оделно.

Комисијата ги ценеше сите докази заедно и секој доказ поединечно иврз основа на тоа ја утврди фактичката состојба, па со примена на материјалното право донесе мислење дека во конкретниот случај постои вознемирување од Член 7 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по родова основа од Член 3 од истииот закон, во врска со член 4 точка 6 од областа на јавно информирање и медиуми, кое предизвикува повреда на достоинството на жената со спотовите од кампањата за прееманципираните жени емитувани на 30 Октомври 2017 година, од Сити радио ДООЕЛ Скопје.

Имено, комисијата ги ценеше сите наводи во представката и од нив како и од поднесените докази заклучи дека и самиот извештај се однесува на препораката на

Република Македонија

КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА
ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ул. Кеј Димитар Влахов бб (Зграда на МРТВ), спрат 20, Скопје
тел. +389 (0)2 3232-242; e-mail: contact@kzd.mk

Советот на Европа против родовите стереотипи. Агенцијата постапила по претставката во рамките на своите наслежности во согласност со Член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, кој предвидува забрана на дискриминација врз основа на пол. Комисијата за заштита од дискриминација постапува врз основа на Законот за заштита од дискриминација.

Комисијата ги ценеше и наводите во одговорот на представката, но тие се однесуваат главно на нивно мислење за кампањата за преманципирани жени. Комисијата одлучува само за тоа дали пости или не постои одреден вид на дискриминација и утврди дека зборовите кои се употребени предизвикуваат вознемирување, кај женскиот род што доведува до повреда на достоинството на жената. Еднаквоста ја подразбира различноста, односно постоење на неистоветни лица кои треба да бидат еднакво третирани. Во кампањата се користени лични карактеристики, врз основа на кои не треба да се темели недозволениот личен третман, што представува основа за дискриминација. Законот за спречување и заштита од дискриминација определува дека кога во случај дискриминацијата е направена во област на јавно информирање и медиуми, слобода на изразување, застапување на одредено мислење и давање на одредени информации подлежи на ограничување кога тоа е предвидено со закон. Во овој случај тоа ограничување е предвидено со Членот 3, 4 т.6 и Членот 7 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Поради тоа комисијата во согласност со Член 24 став 1, како и Член 28 и 29 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ја дава следната :

## П р е п о р а к а

Сити радио ДООЕЛ Скопје, бул.8-ми Септември број 38, 1000 Скопје да престане со емитување на кампањата за преманципирани жени.

Република Македонија

КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА
ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ул. Кеј Димитар Влахов бб (Зграда на МРТВ), спрат 20, Скопје
тел. +389 (0)2 3232-242; e-mail: contact@kzd.mk

Во иднина да не емитува вакви или слични содржини кои можат да доведат до вознемирување на родова основа или друга основа од тие што се предвидени во Член 3 во Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Покрај, Сити радио ДООЕЛ Скопје препораката се однесува и на Клуб ФМ, Метрополис радио мрежа, но и на сите други средства за информирање и поради тоа таа ќе биде испратена до сите медиуми во Република Македонија.

СИТИ радио ДООЕЛ Скопје да постапи по препораката и да ја одстрани повредата во рок од 30 дена од приемот, како и за тоа да ја извести комисијата.

Ако правното лице не постапи по препораката, односно не ја одстрани повредата на правото, Комисијата ќе покрене иницијатива за поведување постапка пред надлежен орган за утврдување на неговата одговорност.

Претседател,
Александар Даштевски

Република Македонија Комисија за заштита од дискриминација Скопје

Доставено до:

Аденција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

СИТИ радио ДООЕЛ Скопје, бул.8-ми Септември број 38, 1000 Скопје

Клуб ФМ радио

Метрополис радио мрежа